Република Македонија
**Агенција за храна и ветеринарство**

АХВ
АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**Упатство**

**За начинот на плаќање на административните такси при поднесување на барање за увоз и транзит на производи од животинско потекло преку лиценцата АХВ-N853-Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло, за производи за исхрана на животни преку лиценцата АХВ-I047- Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз, увоз транзит на живи животни преку лиценцата АХВ-N640-Ветеринарен влезен документ за животни во EXIM системот, АХВ-I046-Одобрение за увоз на ветеринарно медицински препарати, како и за АХВ-I007- Согласност/Решение пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ**

Согласно ***Уредбата за воспоставување и начинот на користење на информациониот едношалтерски систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при увоз, извоз и транзит*** *на стоки,* од 01.11.2008 година официјално е пуштен во употреба информациониот едношалтерски систем за увоз, извоз и транзит на стоки EXIM подетални информации може да




најдете на официјалната веб страна www.exim.gov.mk

Во врска со начинот на плаќање на административните такси, се известуваат **економските оператори (ЕО)** кои вршат увоз/транзит на производи од животинско потекло, живи животни, ветеринарно медицински препарат или продукти за исхрана на животните, дека:

Согласно Закон за административните такси („Службен весник на РМ“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10 , 145/10 и 117/11)) со кој се предвидува плаќањето на административна такса за поднесоци и решенија во електронска форма, независно од износот, да биде во готови пари (вирмански), при што плаќањето може да се врши во кој било момент до издавањето на решението, **Потребно е** сите уплати на име административни такси, за лиценци опфатени во едношалтерскиот систем **ИСКЛУЧИВО** да се вршат на **подоле посочената сметка** без оглед на начинот на кој (електронски или хартиен) се поднесува барањето до надлежнатата институција.

**Барањата што се поднесува во електронска форма или во хартиена форма, треба да бидат придружени со уплатница образец ПП-50 со уплатени 50 денари административни трошоци на соодветна жиро сметка.**

**ЗАБЕЛЕШКА:** За секоја лиценца се врши посебна уплата (на посебен налог).

Уплатата на административните такси за увозни и транзитни дозволи се врши **со пополнување на налогот за јавни приходи-образецот ПП 50:**

**1.1. Во случај кога се поднесува барање за издавање на лиценца во електронски облик преку едношалтерскиот систем EXIM:**

Во рубриката:
- ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ:

***Се пополнува единствениот референтен број под кој се регистрира барањето во едношалтерскиот систем EXIM, кој се добива автоматски од системот.***

Во рубриката:
- ЦЕЛ НА ДОЗНАКА:

Се наведува Шифрата на лиценцата и институцијата која е одговорна за нејзино издавање ( АХВ-N853 ; АХВ-N640 ; АХВ- I046; АХВ-I047; АХВ- I007)

Во рубриката:
- ИЗНОС:

Се пополнува вкупниот износ на име административна такса

| **Надлежна институција** | **Код на лиценцата** | **Име на лиценцата** | **Износ на АТ во денари** |
|---|---|---|---|
| АХВ | N853 | Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 50 |
| АХВ | N640 | Ветеринарен влезен документ за живи животни | 50 |
| АХВ | I046 | Одобрение за увоз на ветеринарно медицински препарати | 600 |
| АХВ | I047 | Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 50 |
| АХВ | I007 | Согласност/Решение пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на | 600 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | територијата на РМ | |

1.2. **Во случај кога барањето се поднесува во хартиен облик, односно уплатата е завршена претходно (што значи дека барателот нема добиено референтен број од еношалтерскиот систем ) :**

Во рубриката:
ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ:

Се наведува Шифрата на лиценцата и институцијата одговорна за нејзино издавање ( АХВ-N853 ; АХВ-N640 ; АХВ- I046; АХВ-I047; АХВ- I007).

Во рубриката:
- ЦЕЛ НА ДОЗНАКА:

Се наведува Шифрата на лиценцата и институцијата која е одговорна за нејзино издавање ( АХВ-N853 ; АХВ-N640 ; АХВ- I046; АХВ-I047; АХВ- I007)

Во рубриката:
- ИЗНОС:

Се пополнува вкупниот износ на име административна такса

Следниве податоци не се менуваат и се однесуваат на двата начина на пополнување **на налогот за јавни приходи-образецот ПП 50:**

**- НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ-БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**- БАНКА НА ПРИМАЧОТ-НАРОДНА БАНКА НА РМ**
**- СМЕТКА- единствена трезорска сметка 100000000063095**
**- УПЛАТНА СМЕТКА-840 XXX 03413 (во xxx се внесува ознаката на општината** согласно списокот објавен со Упатство за дополнување на упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на РМ бр.105/08)
**-ПРИХОДНА ШИФРА 722322**
**-ДАТУМОТ НА ВАЛУТАТА И ДАТУМОТ НА УПЛАТАТА треба да бидат идентични**
**-НАЧИН- 1** (за да може уплатувачот веднаш да ја користи уплатата т.е уплатата ќе биде веднаш реализирана од банката) **или 2.**

**Заменик на директорот,**
**Абдулезел Догани**